ПРИЛОГ 1 – Цели и критериуми

Согласно Јавниот повик за прибирање барања за користење средства од Буџетот на Град Скопје за 2026 година, наменети за финансирање на програми и проекти од областа на културата од интерес на Град Скопје за 2026 година, Град Скопје ги утврди следните цели и критериуми:

**I**

**Општи цели кои важат за сите области наведени во Јавниот повик:**

- развој и унапредување на дејностите од областа на културата на територијата на градот Скопје;
- чување и афирмирање на материјалното, духовното и културното наследство на градот Скопје;
- поттикнување и афирмирање на културните различности на припадниците на етничките зедници во градот Скопје;
- достапност на културните добра и вредности до граѓаните;
- иновативност, впечатливост и оригиналност на идејата;
- континуитет на традиционалните културно-уметнички манифестации што се од интерес за градот Скопје;
- презентирање и афирмирање на современото творештво, урбаната култура и јавната уметност;
- стимулирање на новите медиуми и истражувања во културата;
- афирмирање и поддршка на млади уметници и автори (до 35 години),
- развивање на младинската култура во чии рамки ќе се поддржуваат креативни и едукативни проекти од категориите на изведбените уметности, визуелните уметности, уметност на новите медиуми и литературата и книга/стрип, албум/графичка новела);
- развивање на професионалната независна културна сцена;
- развивање на аматерската култура во чии рамки ќе се поддржуваат креативни и едукативни проекти од категориите на изведбените уметности, визуелните уметности, архитектурата и дизајнот, уметноста на новите медиуми и литературата (книга/стрип албум/графичка новела);
- поддршка и развивање на традиционалните културни вредности;
- воспоставување на соработка и партнерства во рамките на предложениот проект со една или повеќе јавни установи од областа на културата на Град Скопје, национални установи, граѓански организации, општините во градот Скопје, образовни институции и други организации;
- одбележување јубилејни настани и значајни датуми;
- проекти чија цел е развивање и промовирање на областите на културните и креативните индустрии;
- организирање на меѓународни фестивали што се одржуваат во Скопје;
- стимулирање и поддршка на разни партнерски меѓународни проекти;
- поттикнување на научната и критичката мисла преку организирање на семинари, конференции и дебати;
- изведба на едукативни работилници за деца и млади, како и за наставничкиот кадар од основните и средните училишта, со цел поттикнување на нивната креативност и подобрување на културниот развој на децата и младите.

**II**

**Посебни цели за областите наведени во јавниот повик:**

1) **Посебни цели од областа на музејската дејност и промоција на културното наследство:**
   - презентација, популаризација и промоција на културното и историско наследство во градот Скопје;
   - користење на културното наследство како ресурс за развој на туризмот;
   - организирање на кампањи, работилници и предавања за промоција и значењето на културното наследство на територијата на град Скопје.

**Приоритети**

| Проекти | максимален износ на финансиска поддршка |
|---|---|
| 1.Конференции , едукативни проекти, работилници за промоција на културното наследство на територијата на град Скопје од локален интерес (да има учествувано во најмалку три проекти од ваков вид ) | 60.000 денари |
| 2.Промоција на културното и историско наследство во градот Скопје (да има учествувано во најмалку три проекти од ваков вид ) | 60.000 денари |
| 3.Негување на фолклорот старите занаети, обичаите и слични културни вредности (да има учествувано во најмалку три проекти од ваков вид ) | 60.000 денари |
| 4. Едукативни проекти со лица со посебни потреби од областа на музејската дејност и промоција на културното наследство (да има учествувано во најмалку два проекти од ваков вид ) | 60.000 денари |

2) **Посебни цели од областа на издавачката и библиотечната дејност:**
   - издавање на книги и електронски изданија, публикации, монографии, зборници што обработуваат теми од современиот живот и историјата на Скопје;
   - поддршка на книжевно творештво со високи вредности од автори кои творат на македонски јазик и на јазиците на заедниците во градот Скопје;
   - дела со исклучителна културна вредност, монографии, стручни публикации, како и дела што се резултат на истражувачи проекти за градот Скопје;
   - издаваштво наменето за деца и млади.
   - за дела на автори со прво издание задолжителни се две (2) рецензии и
   - за дела на автори со повеќе издадени книжевни дела, задолжителна е една (1) рецензија

**Приоритети**

| Проекти | максимален износ на финансиска поддршка |
|---|---|
| 1. Издавање и печатење на книга тематски од современиот живот и историјата на Скопје (најмалку едно издание во последните три години) | 60.000 денари |
| 2.Издавање на монографија за личности од значење за културата на град Скопје (најмалку едно издание во последните три години) | 100.000 денари |
| 3.Издаваштво наменето за деца и млади (најмалку едно издание во последните три години) | 40.000 денари |
| 4.Дела на автори со прво издание (задолжителни се 2 рецензии) | 40.000 денари |
| 5.Издаваштво наменето за лица со посебни потреби (најмалку едно издание во последните три години) | 40.000 денари |

3) **Посебни цели од областа на визуелните уметности и уметноста на новите медиуми:**
   - ретроспективно-монографски изложби од особено значење за градот Скопје што одразуваат континуитет во уметничкото дејствување во Скопје потврдени од ликовната критика и историјата на уметноста;
   - самостојни, групни и други проекти од земјава и од странство што ги промовираат современите уметнички форми и изрази и придонесуваат за развој на современиот ликовен јазик во градот Скопје;
   - промоција и развој на современата урбана уметност со акцент на користење на јавните градски површини како и други алтернативни простори за презентација на уметничките дела во градот Скопје;
   - подршка на филмски фестивали;
   - изложбени проекти од областа на креативните индустрии; и
   - изложби и проекти на млади уметници областа на визуелните уметности и уметноста на новите медиуми (до 35 години).

**Приоритети**

| Проекти | максимален износ на финансиска поддршка |
|---|---|
| 1.Ретроспективно-монографски изложби (авторот да има најмалку 30 години искуство во творештвото) | 150.000 денари |

| | |
|---|---|
| 2.Прва самостојна изложба на млади автори до 25 години | 50.000 денари |
| 3. Изложби и проекти на млади уметници областа на визуелните уметности и уметноста на новите медиуми до 35 години (со творечка дејност над 10 години) | 80.000 денари |
| 4.Автори кои промовираат современи уметнички форми и изрази и придонесуваат за развој на современиот ликовен јазик во градот Скопје над 35 години (со творечка дејност над 20 години) | 120.000 денари |
| 5.Филмски фестивали (со творечка дејност над 10 години) | 120.000 денари |
| 6.Проекти со лица со посебни потреби од областа на визуелните уметности и уметноста на новите медиуми ( авторот/организаторот да има најмалку 5 години искуство во творештвото) | 80.000 денари |

4) **Посебни цели од областа на изведбени уметности:**

- негување и презентација на националното драмско и музичко-сценско творештво од различни уметнички стилови и жанрови со застапеност на традиционални и современи автори;
- презентација на врвни уметнички дела од светската драматургија во Скопје како и дела од областа на музичко-сценските уметности,
- работилници со млади како и со лица со посебни потреби од областа на драмските и музичко-сценските уметности;
- поддршка на театарски фестивали;
- презентирање на македонскиот фолклор и фолклорот на припадниците на заедниците кои живеат во градот Скопје; и
- презентирање на македонскиот фолклор и фолклорот на припадниците на заедниците кои живеат во градот Скопје на фестивали и манифестации што се оддржуваат во градови од други држави со кои град Скопје има воспоставено соработка, а за што мора да биде доставена и покана од организаторот на манифестацијата.

**Приоритети**

| Проекти | максимален износ на финансиска поддршка |
|---|---|
| 1.Професионални драмски или музичко сценски изведби (режисерот/организаторот да има најмалку 10 години искуство во творештвото) | 120.000 денари |
| 2.Работилници со лица со посебни | 100.000 денари |

| | |
|---|---|
| потреби од областа на драмските и музичко-сценските уметности (организаторот да има најмалку 5 години искуство во творештвото) | |
| 3.Презентирање на македонскиот фолклор и фолклорот на припадниците на заедниците кои живеат во градот Скопје на фестивали и манифестации ( организаторот да има најмалку 10 години искуство во творештвото) | 100.000 денари |
| 4. Прва премиерна изведба на млади автори до 35 години | 90.000 денари |
| 5. Активности и целовечерни настапи на танцовите/балетските ансамбли (најмалку 5 проекти во изминатите 10 години) | 150.000 денари |

5) **Посебни цели од областа на музичките уметности:**

- промоција и изведба на музички дела и творештво со стилска и жанровска разновидност;
- поттикнување и изведба на нови музички форми и изрази;
- поддршка на музички фестивали,
- стимулирање на македонското музичко творештво и музичкото творештво на заедниците кои живет во град Скопје со висока уметничка вредност; и
- поддршка на концерти на млади музичари - изведувачи и композитори.

**Приоритети**

| Проекти | максимален износ на финансиска поддршка |
|---|---|
| 1. Настапи на музички групи / бендови ( активна дејност 10 години од нивниот прв јавен настап) | 120.000 денари |
| 2. Изведба на музички настапи со лица посебни потреби ( активна дејност 5 години од нивниот прв јавен настап) | 100.000 денари |
| 3. Концерт на помали камерни состави и соло рецитали (најмалку 2 реализирани концерти во изминатите 5 години) | 80.000 денари |
| 4. Прв солистички концерт на млад музичар- изведувач и композитор | 60.000 денари |
| 5. Детски музички фестивали (најмалку 2 реализирани фестивали во изминатите 5 години) | 100.000 денари |
| 6.Активности и целоверечни концерти на вокални ансамбли – хорови | 100.000 денари |

| | |
|---|---|
| (најмалку 2 реализирани концерти во изминатите 10 години) | |

6) **Посебни цели од областа на меѓународната соработка:**
- соработка и учество на меѓународни манифестации, фестивали и проекти врз основа на реципроцитет за што треба да се достави покана од организаторот;
- програми и проекти од областа на културата што ќе се одвиваат на подрачјето на градот Скопје, а кои што имаат обезбедено финансиска поддршка (грант) од фондовите на Европската Комисија или други меѓународни фондови; и
- соработка и реализирање на заеднички проекти со организации, установи и поединци од:
  а) збратимените градови со Град Скопје
  б) градови со што е воспоставен протокол или програма за соработка и
  в) градови што соработуваат со Град Скопје врз основа на воспоставен контакт (https://skopje.gov.mk/) – линк на официјалниот портал на Град Скопје.

**Приоритети**

| Проекти | максимален износ на финансиска поддршка |
|---|---|
| 1.Учество на меѓународни манифестации ( задолжителна покана) | 150.000 денари |
| 2.Учество на проекти со збратимените градови со Град Скопје | 150.000 денари |
| 3. Учество на програми и проекти од областа на културата што ќе се одвиваат на подрачјето на градот Скопје, а кои што имаат обезбедено финансиска поддршка (грант) од Европските фондови Ко-финансирање | 200.000 денари |
| 4. Други градови што соработуваат со Град Скопје врз основа на воспоставен контакт (потрда за воспоставен протокол или програма за соработка) | 100.000 денари |
| 5. Учество на програми и проекти кои вклучуваат лица со посебни потреби од областа на културата што ќе се одвиваат на подрачјето на градот Скопје, а кои што имаат обезбедено финансиска поддршка (грант) од Европските фондови Ко-финансирање | 100.000 денари |

7) **Креативни индустрии :**
  - поддршка и иницирање на нови активности за развој и поттикнување на креативните индустрии, организирање на фестивали за креативни индустрии;
  - создавање услови за работата во областите на креативните сектори (ИТ, нови медиуми, видео - филм и анимација, современ продукт - дизајн, индустриски, моден, мебел - дизајн и друго);
  - промоција на вредности, производи и услуги од областа на креативните индустрии како што се: дизајн (индустриски, графички, моден дизајн), мебел дизајн и архитектура, аудио - визуелени уметности, нови медиуми, ИТ технологии, изведбени уметности и други;
  - поттикнување на претприемачките и бизнис вештини кај младите, уметниците, дизајнерите и поединците/групите во рамките на креативните сектори;
  - активности со продажен потенцијал (вклучувајќи и попап продавници); стимулација, реализација, презентација и развој на креативните индустрии

**Приоритети**

| Проекти | максимален износ на финансиска поддршка |
|---|---|
| Учество во образовна програма/проект за креативни вештини и претприемништво | 120.000 денари |
| Учество во креативни хабови / инкубатори за млади таленти / програма за поддршка на стартапи во дизајн, мода, филм, гејминг и мултимедија | 100.000 денари |
| Учество на Фестивали на креативни индустрии и нови медиуми | 120.000 денари |
| Учество во проекти за дигитална обработка и современа презентација на културно наследство (архиви, музеи, театри) | 100.000 денари |
| Учество во проекти од областа на креативните индустрии кои овозможуваат активно учество, инклузија и професионален развој на лица со посебни потреби**,** преку уметничко творештво, дигитални и применети уметности, дизајн и нови медиуми. | 100.000 денари |

**III**

**Категории на апликанти**

Апликантите при поднесување на пријавата се определуваат за една од следните категории**:**

1. Професионално делување во културата
2. Младинско делување во културата
3. Аматерско делување во културата

Проектите се оценуваат согласно избраната категорија

**1.Табела за бодување – професионално делување (100 бода)**

| **Критериум** | **Максимум бодови** |
|---|---|
| **1. Структура и капацитети на апликантот** | **25** |
| Искуство во реализација на културни проекти | 10 |
| Стручност на проектниот тим | 10 |
| Јавна и онлајн видливост | 5 |
| **2. Буџет и финансиска одржливост** | **25** |
| Детален и јасен финансиски план | 10 |
| Оправданост и реалност на трошоците | 10 |
| Дополнителни извори на финансирање | 5 |
| **3. Квалитет на програмата/проектот** | **50** |
| Разработеност и јасност на програмата | 10 |
| Придонес кон општите и посебните цели | 20 |
| Иновативност, оригиналност и креативност | 15 |
| Партнерства и институционална поддршка | 5 |
| **ВКУПНО** | **100** |

**2.Табела за бодување – младинско делување (100 бода)**

| Критериум | Максимум бодови |
|---|---|
| Квалитет и искуство на апликантот | 20 |
| Буџет и финансиска оправданост | 20 |
| Квалитет и иновативност на проектот | 40 |
| Младинско учество и опфат | 20 |
| **ВКУПНО** | **100** |

**3.Табела за бодување – аматерско делување (100 бода)**

| Критериум | Максимум бодови |
|---|---|
| Разработеност на програмата | 25 |
| Буџет и оправданост на трошоците | 25 |
| Квалитет, релевантност и иновативност | 40 |
| Партнерства и поддршка | 10 |
| **ВКУПНО** | **100** |

**IV**

При распределбата на средствата предвидени во Програмата за финансирање на јавните установи и активностите од областа на културата од интерес на Град Скопје за 2026 година ќе бидат земени предвид активностите, проектите и манифестациите што согласно критериумите ќе обезбедат најмалку 60 бода.